Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-54/3
11-03-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-870/1 од 25.12.2023 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење [redacted] против Агенција за супервизија на осигурување, со адреса на Ул. Македонија бр.25, Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 7.3.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Агенција за супервизија на осигурување кон [redacted]

**Образложение**

На 25.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Агенција за супервизија на осигурување ("**Агенцијата**"), за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работата и работните односи, заведена под бр. 08-870/1.

Во претставката се наведува дека Агенцијата имала објавено јавен оглас бр. 486/2023-01 за вработување на Помлад соработник за теренска супервизија. Огласот бил објавен преку Агенцијата за администрација. Подносителот на претставката уредно аплицирал, по што ги поминал првата и втората фаза на тестирање. Потоа, на 22.12.2023 година на неговиот е-мејл му пристигнала покана за интервју во просториите на Агенцијата за администрација, за да набрзо после тоа му пристигне нов е-мејл дека огласот е прекинат.

Подносителот се јавил во Службата за човечки ресурси во Агенцијата за супервизија на осигурување за да побара повеќе информации, од каде вработена го информирала дека направиле нова реорганизација и сфатиле дека немаат потреба од нов вработен. За подносителот е симптоматично тоа што постапката била истуркана до фаза на интервју, за отпосле да им текне дека немаат потреба од вработен. Веднаш потоа се јавил кај претседателот на советот при Агенцијата, од каде добил поинаков одговор, односно претседателот му кажал дека тој кандидат што веќе било договорено да го примат не поминал и дека тој како кандидат со највисоки поени не можел да влезе бидејќи не бил Ром. Во врска со ова, подносителот смета дека била извршена дискриминација по основ на етничка припадност, бидејќи тој уредно доставил документација дека е Ром, а претседателот своеволно му врачил назнака дека не е.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.1.2024 година испрати Известување бр. 08-54/1 за произнесување по наводите од претставката до Агенцијата за супервизија на осигурување.

На ден 30.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Агенцијата како одговор на претставката, заведено под бр. 08-54/2.

Во одговорот се наведува дека Агенцијата за супервизија на осигурување на ден 19.12.2023 година доставила Барање за запирање на постапката по Јавен оглас бр. 486/2023 до Агенцијата за администрација со образложение дека ќе отпочнат промени во организациската поставеност. На ден 20.12.2023 година Агенцијата за администрација донела Решение за запирање на постапка за селекција на кандидати за вработување на административен службеник. Понатаму, Агенцијата за супервизија на осигурување на ден 10.1.2024 година донела Решение за спроведување на Функционална анализа во Агенцијата, со што го отпочнала процесот на промени во организациската поставеност на Агенцијата согласно Законот за вработените во јавниот сектор. Согласно ова, ги отфрлаат сите наводи за сторена дискриминација како неточни.

Во прилог на одговорот беа доставени следните докази:
- Барање за запирање на постапката по Јавен оглас бр. 486/2023, бр. 04-822/14 од 19.12.2023 година;
- Решение за запирање на постапка за селекција на кандидати за вработување на административен службеник, бр. 10-2060/7 од 20.12.2023 година;
- Решение за спроведување на Функционална анализа во Агенцијата за супервизија на осигурување, бр. 04-64/1 од 10.1.2024 година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Агенцијата за супервизија на осигурување, преку Агенцијата за администрација, објавила јавен оглас бр. 486/2023-01 за вработување на Помлад соработник за теренска супервизија. Подносителот на претставката, [redacted], аплицирал на огласот, по што ги поминал првата и втората фаза на тестирање.
На ден 19.12.2023 година, Агенцијата за супервизија на осигурување доставила Барање до Агенцијата за администрација за запирање на постапката по објавениот јавен оглас, со образложение дека ќе отпочнат промени во организациската поставеност. На ден 20.12.2023 година Агенцијата за администрација донела Решение за запирање на постапката за селекција на кандидати за вработување на административен службеник.
На е-мејл адресата на подносителот, на 22.12.2023 година, му пристигнала покана за интервју во просториите на Агенцијата за администрација, а набрзо после тоа му пристигнал нов е-мејл дека огласот е прекинат.
Последно, видно од Решението за спроведување на Функционална анализа во Агенцијата за супервизија на осигурување, бр. 04-64/1 од 10.1.2024 година, Агенцијата го отпочнала процесот на промени во организациската поставеност, согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

Во оваа насока, **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа“.*

Забраната за дискриминација е предвидена и во **член 6 став 1 од Законот за работни односи**, кој гласи:
*„Работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности"*.

Понатаму, во **член 7 став 4 точка 1 од Законот за работни односи** е наведено:
*„Дискриминацијата, во смисла на членот 6 од овој закон кај работодавачот, е забранета во однос на условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа"*.

Во конкретниот случај, самиот факт што подносителот не бил избран за работното место, како и фактот што постапката за селекција била прекината, не упатуваат на нееднаков или понеповолен третман. Имено, за да се утврди постоење на дискриминаторско постапување, потребно е да постои друг кандидат - компаратор, во однос на кој подносителот на претставката бил третиран понеповолно. Бидејќи постапката за селекција била унифицирана за сите кандидати и важеле еднакви услови за сите од нив, како и поради фактот што истата била прекината и ниту еден од пријавените кандидати не бил избран, не може да стане збор за понеповолен третман кон подносителот, само поради неговиот неизбор.

Дополнително, доколку подносителот смета дека е дискриминиран од страна на претседателот на советот, за кој тврди дека ја негирал неговата етничка припадност, односно му кажал дека не е Ром, тука повторно не би станувало збор за дискриминација, туку за сторена повреда на правото на приватност и самоопределување.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување кон [redacted]

Скопје
7.3.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Виктор Атанасовски, ул. Маршал Тито бб, с. Мојанци
- Агенција за супервизија на осигурување, Ул. Македонија бр.25 , Палата Лазар Поп Трајков, кат 5, 1000 Скопје